

**ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО !**

ДОЗВОЛЕТЕ МИ ОД МОЕ ИМЕ КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО И ОД ИМЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУППРАВА ДА ВИ ПОСАКАМ ПРИЈАТНО И ВЕДРО РАСПОЛОЖЕНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕСТОЈНИТЕ ПРАЗНИЦИ !КАКО ОПШТИНА ВЛОЖИВМЕ МАКСИМАЛНИ НАПОРИ ЗА ДА ГО УКРАСИМЕ ГРАДОТ И ДА ДОЛОВИМЕ АТМОСФЕРА ДОСТОЈНА ЗА НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИКНИТЕ ПРАЗНИЦИ, А СЕКАКО СВОЈ ПРИДОНЕС ДАДОА И ГРАЃАНИТЕ КОИ УБАВАТА СЛИКА НА ГРАДОТ ЈА НАДОПОЛНИЈА СО УКРАСУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИТЕ ИНДИВИДУАЛНИ И СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ ЗА ДОМУВАЊЕ !И ОВАА, КАКО И ПРЕДХОДНИТЕ ГОДИНИ, ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОРГАНИЗИРА ЗАЕДНИЧКИ ДОЧЕК НА НОВАТА ГОДИНА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ВО НЕГОТИНО СО АНГАЖИРАЊЕ НА ЕДЕН ОД НАЈПОЗНАТИТЕ ХРВАТСКИ ИЗВЕДУВАЧИ НА ЗАБАВНА МУЗИКА АЛЕН СЛАВИЦА, А СЕКАКО СВОЈ ПРИДОНЕС ЗА СОЗДАВАЊЕ ВЕСЕЛО РАСПОЛОЖЕНИЕ ЌЕ ИМААТ И ДВЕ ЛОКАЛНИ ГРУПИ ОД НАШИОТ ГРАД !ЈА КОРИСТАМ ОВАА ПРИЛИКА ДА УПАТАМ ЈАВЕН АПЕЛ ДО СИТЕ ГРАЃАНИ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО, НО И ДО ГРАЃАНИТЕ ОД СОСЕДНИТЕ ОПШТИНИ, МАСОВНО ДА ПРИСУСТВУВААТ НА НОВОГОДИШНИОТ ДОЧЕК НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД И СИТЕ ЗАЕДНИЧКИ ВО ПОЗИТИВНА АТМОСФЕРА ДА ЈА ДОЧЕКАМЕ И ДА СИ ЈА ЧЕСТИТАМЕ НОВАТА ГОДИНА !НА СИТЕ ГРАЃАНИТЕ КОИ СЕ ОДЛУЧИЛЕ НАЈЛУДАТА НОЌ ВО ГОДИНАТА ДА ЈА ДОЧЕКААТ ВО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ ВО ЗЕМЈАВА ИЛИ ВО СТРАНСТВО, КАКО И НА ОНИЕ КОИ ВО ДРУШТВО НА НАЈБЛИСКИТЕ НОВАТА ГОДИНА ЌЕ СИ ЈА ЧЕСТИТААТ ВО ДОМАШНА АТМОСФЕРА ИМ ПОСАКУВАМ НОВОГОДИШНАТА НОЌ ДА ЈА ПОМИНАТ ВО ВЕСЕЛА И ПРИЈАТНА АТМОСФЕРА !НА КРАЈ, НА СИТЕ ГРАЃАНИ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ИМ ЈА ЧЕСТИТАМ НОВАТА ГОДИНА СО ЖЕЛБИ ЗА ДОБРО ЗДРАВЈЕ, МНОГУ СРЕЌА ВО ЖИВОТОТ И УСПЕХ НА ПРИИВАТЕН И ПРОФЕСИОНАЛЕН ПЛАН !